Универзитет Скопје

Економски Факултет

Насока: финансии, банкарство и осигурување

Насока: меѓународен маркетинг менаџмент

# Годишна програма за работа на Економскиот Факултет за академската 2025-2026 година

Мај, 2025

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| | Вовед | 3 |
| 1. | Визија, мисија, цели и приоритети | 5 |
| 1.1. | Визија | 5 |
| 1.2. | Мисија | 5 |
| 1.3. | Основни стратешки цели на Факултетот | 5 |
| 1.4. | Резултати од учење | 6 |
| 1.5. | Приоритети на Факултетот | 7 |
| 2. | Наставнички и соработнички кадар | 8 |
| 3. | Наставен план и календар на активности | 9 |
| 4. | Студиска програма за работа на Факултетот | 14 |
| 5. | Практична настава за студентите | 18 |
| 6. | Наставно-научни практикуми | 19 |
| 7. | Обуки | 20 |
| 8. | Апликативна дејност и соработка со стопанството и јавните институции | 21 |
| 8.1. | Гости-предавачи (клиничка настава) | 21 |
| 8.2. | Посета на бизнис секторот | 23 |
| 8.3. | Одбори за соработка и доверба со јавноста | 23 |
| 8.4. | Департман за маркетинг | 24 |
| 9. | Меѓународна соработка | 25 |
| 10. | Издавачка дејност | 26 |
| 11. | Научно-истражувачка дејност | 26 |
| 12. | Други активности | 28 |
| 12.1. | Состаноци со родителите | 28 |
| 12.2. | Промотивни активности | 28 |

# Вовед

Програмата за работа на Економскиот Факултет е подготвена врз основа на наставниот план за работа на факултетот за академската 2025/2026 година, како и врз основа на стратешките цели на универзитетот и утврдените приоритети за оваа година.

Економскиот Факултет е акредитиран од Одборот за акредитација на високото образование во Република Македонија и функционира во рамките на Универзитетот Скопје (бул. Партизански одреди бр. 99 Скопје) заедно со останатите 2 факултети (или вкупно 3 и два Институти).

Потребата од кадри од областа на економијата и маркетинг е нужна имајќи во вид колку денес е изразена конкуренцијата помеѓу компаниите. На Економскиот факултет, насока Финансии, банкарство и осигурување студентите ќе се стекнат со неопходни теоретски знаења и практични вештини за успешно работење во финансиските институции во приватниот и во јавниот сектор, како и за извршување на финансиската функција во претпријатијата во реалниот сектор. На Економскиот факултет, насока Меѓународен маркетинг менаџмент студентите ќе се стекнат со знаења за маркетинг-концепцијата и инструментите на маркетингот и нивното значење во работењето на современите бизниси и организации. Тие ги разбираат потребите и желбите на потрошувачите и знаат како да ја обликуваат понудата на компанијата и успешно да ја реализираат на пазарот.

Студентите кои ќе го изберат Економскиот факултет ќе се специјализираат за бројни подрачја на кои заедничко обележје им е динамичност и креативност, која бара мотивирани, иновативни и проактивни идни стручњаци од областа на економијата.

Студиската програма за прв циклус од областа на Финансии, банкарство и осигурување обезбедува создавање компетентни кадри кои ќе бидат оспособени да одговорат на барањата на финансиските институции од приватниот и од јавниот сектор. Во тој поглед, искуството покажува дека постои силно изразена и перманентна побарувачка за специјализирани кадри од областа на финансиите, кои релативно лесно наоѓаат вработување во повеќе финансиски институции, како што се: банките, инвестициските фондови, брокерските куќи, како и во соодветни државни институции.

Студиската програма за прв циклус студии од областа на меѓународен марктинг менаџмент маркетингот, која ќе понуди соодветни знаења, способности и вештини од офлајн и онлајн маркетингот. Ваквите знаења, способности и вештини се неопходни за сите оние кои се ангажирани во деловните компании како бренд-менаџери, акаунт-менаџери во маркетинг-агенции, аналитичари на пазар, специјалисти за маркетинг-истражување, менаџери за развој на производи, специјалисти за дигитален маркетинг, слецијалисти за маркетинг преку социјални медиуми, маркетинг-менаџери, специјалисти за маркетинг-комуникации, специјалисти за односи со јавност, специјлисти за цени, специјалисти за управување со односите со купувачите итн.

Кадарот кој е ангажиран на Економскиот факултет, континуирано се усовршува, а дел од нив е активен во подготовка на литература која се користи за изучување на Економскиот факултет. Исто така членовите на одборот за соработка и доверба на Економскиот факултет даваат професионална и апликативна поддршка во работата на факултетот. Станува збор за студиска програма со која се профилираат

кадри кои можат да работат во областа на финасиите, банкарство осигурувањето и маркетингот во зависност од насоката која ја избрале на Економскиот факултет.

Професионалните кадри ќе обезбедат намалување на ризиците кои постојат за компаниите, избор на соодветни стратегии за нивен успешен настап на пазарите како на домашниот така и на странскиот, а во исто време и успешна диференцијација во однос на останатите.

Дефинирањето и подготовката на студиските области и програми се во согласност со законот за високото образование, со почитување на европските и светските трендови за трансформација и реформи на високото образование, особено во поглед на образовниот процес и на неговото подигање на повисоко ниво (унифицирано европско студирање).

Изборот на наставните предмети и нивната застапеност овозможуваат стекнување со продлабочени и специјализирани знаења од областа на финансиите, банкараството, осигурувањето и маркетингот и креирање на стратегии за зголемување на ефикасноста на компаниите како и стимулирање на креативноста и афинитетите на студентите.

Студиските програми се така конципирани што обезбедуваат професионализација и специјализација на идните дипломирани студенти, а преку усогласеноста на студиските програми и меѓусебна соработка со други слични од областа високообразовни и научни институции, се остварува целосна компатибилност со студиските програми во европското високо образование.

.

# 1. Визија, мисија, цели и приоритети

## 1.1. Визија

Визијата на  Економскиот факултет е меѓународна препознатливост пеку продуцирање на економисти и маркетинг менаџери, кои ќе се стекнат со извонредни компетенции со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот. На Економскиот факултет се обезбедува едукација која е компатибилна со потребите на престижните компании за перманентна ефикасна и ефективна промоција која обезбедува конкурентска одржливост.

## 1.2. Мисија

Мисијата на Економскиот Факултет е да ги поттикне знаењето, стручноста и вештините на студентите на двете нивоа, додипломски и постдипломски, обезбедувајќи еквивалентност помеѓу образованието и бизнисот. Таа ќе обезбеди резултати преку примена на иновативни идеи за важни и сложени предизвици на глобалниот пазар, како и градење на компетенции на студентите за финансии, осигурување, банкарство и маркетинг, подготовка на стручни лица  кои ќе умеат да се соочат со предизвиците. Доколку се запишани на насоката Финансии, банкарство и осигурување истите ќе стекнат способности и квалификации за анализа и практична примена на видови хартии од вредност и на портфолијата од хартии од вредност; примена на одделни стратегии за тргување со хартии од вредност, анализа на финансиските извештаи на претпријатијата, оцена на инвестициските проекти на компаниите, анализа на спојувањата и преземањата на компаниите, раководење со ликвидносниот ризик на компаниите и на финансиските институции.

Доколку студентите се запишани на насоката Меѓународен маркетинг менаџмент истите ќе се стекнат со  маркетинг-знаење и вештини кои ќе им овозможат да прават научно-стручна и независна анализа и евалуација на имплементираните маркетинг-кампањи со цел следење на резултатите и предлагање мерки за поефикасно и поефективно спроведување на идните маркетинг-кампањи, односно ги оспособува за критичка оцена на презентираните идеи, нудење оригинални решенија и успешно справување со секоја поставена задача во доменот на маркетингот во секојдневното работење и живеење.

Економскиот факултет ќе создаде подобра иднина за сите ученици преку својата единствена методологија и интерактивен пристап за учење. Структурата на факултетот е одлична за создавање на врвни професионалци во областа на економските науки кои ќе оставaат белег на глобалните пазари.

## 1.3. Основни стратешки цели на Факултетот

Основна стратешка цел на Економскиот факултет е воспоставување на систем на програмско и оперативно функционирање на факултетот базирано на светските стандарди и критериуми на квалитет во високото образование.

Согласно оваа статешка цел, утврдени се и оперативните цели и приоритети за 2024/2025. година:

1. Афирмација на Факултетот во земјата и странство,
2. Воведување на систем на оценување на работата на Факултетот .

Годишната програма за работа на Факултетот е изготвена врз основа на:

- ✓ Анализата на состојбата и проблемите во остварувањето на дејноста во минатата студиска година;
- ✓ Програмските обврски содржани во наставниот план и програма на Факултетот;
- ✓ Стратегискиот план за развој на Факултетот.

При изготвувањето на Програмата за работа на Факултетот, а особено при утврдувањето на конкретните обврски и задачи содржани во неа, посебно внимание се обрна на неколку суштински принципи:

- ✓ Целокупната дејност на Факултетот да се насочи во функција на градење на **компетенциите на студентите**;
- ✓ Да се постигне **висок степен на теоретско знаење** кај студентите преку интерактивен приод во остварувањето на наставните цели;
- ✓ Перманентно насочување на студентите кон **развивање на практични вештини** за нивно полесно делување на пазарот.
- ✓ Да се обрне поголемо внимание на **дидактичко-методската надградба** на професорите за поуспешно реализирање на предметните планови и програми;
- ✓ Унапредување на **соработката со стручни соработници** од практиката со соодветни компетенции заради размена на искуства и подобрување на резулатите во работењето;

При изведувањето на сите претходно наведени стратешки определби Факултетот во целост се придржува до поставените рамки и принципите на европските стандарди пропишани со Болоњската декларација, а истите се прифатени и имплементирани со менторство на Факултетот за менаџмент во туризмот и угостителството во Опатија во рамките на Универзитетот во Риека, Република Хрватска.

Основната цел на тимот кој учествува во изработката на програмата е добрите страни да продолжат да се унапредуваат во рамките на можностите на Факултетот, а од друга страна, за сите констатирани недостатоци или нереализирани планови да се утврдат причините и да се редефинираат целите за следниот период. Онаму каде што значењето на целта се изменила и престанала да биде приоритетна, истата ќе биде изземена од приоритетите за оваа студиска година, а онаа која што е сеуште значајна и чија реализацијата е преформулирана, изменета или доработена, ќе биде поставена за реализација во оваа година.

## 1.4. Резултати на учење

Резултати за учење на програмата 1

Дипломираните студенти на Економскиот факултет ќе можат да ги објаснат клучните области на деловното работење: сметководство, менаџмент, маркетинг, економија и ќе можат да ги анализираат динамичните и конкурентните маркетиншки и комуникациски средини и трендови како и креирање и примена на стратегии за создавање конкурентска предност на пазарот.

Резултати за учење на програмата 2

Дипломираните студенти на Економскиот факултет ќе бидат способни да формулираат интегрирано знаење за финансиите, банкарството, осигурувањето и маркетинг алатките и инструментите, бренд менаџментот и маркетинг стратегиите.

Резултати за учење на програмата 3

Дипломираните студенти на Економскиот факултет ќе можат да ги користат силните комуникациски и преговарачки вештини потребни за да се успее во деловното опкружување.

Резултати за учење на програмата 4

Дипломираните студенти на Економскиот факултет ќе можат да ги користат силните технолошки вештини, вклучувајќи користење на интернет, обработка на текстови, табеларни пресметки и презентациски софтвер во компаниите и организациите.

Резултати за учење на програмата 5

Дипломираните студенти на Економскиот факултет ќе бидат во можност да ја покажат способноста за примена на различни концепти во реалните проекти.

## 1.5. Приоритети на Факултетот

Програмата за работа се темели на целите, задачите и приоритетите на Факултетот за 2024-2025 година, како и на спецификите на финасискиот сектор, банкарството, осигурувањето и маркетингот во Македонија, потребите за негов развој, а особено неопходноста од креирање на идни кадри за потребите на оваа професија.

Врз основа на целите и приоритетите на Факултетот за 2024-2025 година, утврдени се следните цели и **приоритети** на Економскиот факултет:

- ✓ Унапредување на **соработката со стручни соработници** со соодветни компетенции, со цел унапредување на наставата (точка 8.1 и 8.3 од Годишната програма 2025-2026);
- ✓ Унапредување на **соработката со компаниите кои имаат развиени сектори за финансии и маркетинг** во земјата и странство како и со стручни соработници со соодветни компетенции (точка 8.2 од Годишната програма 2025-2026);
- ✓ **Вклучување на Факултетот во проекти** за кои ќе се процени дека придонесуваат кон подобрување на квалитетот на знаења и вештини на студентите, како и во проекти преку кои студентите ќе можат да ги експонираат индивидуалните способности, таленти и сл. (точка 11 од Годишната програма 2025-2026);
- ✓ **Промоција на кадарот** во земјата преку организирање на разни стручни трибини и предавања со релевантни учесници;
- ✓ **Промоција на Факултетот** во јавноста (точка 12.2 од Годишната програма 2025-2026) и поврзување со слични факултети во странство (точка 9 од Годишната програма 2025-2026);
- ✓ Учество на меѓународни научни конференции во земјава и во странство од областа на економија, финансии, банакарство, осигурување и маркетинг (точка 9 од Годишната програма 2025-2026**);**
- ✓ Стартување на **консултантски услуги** за областа на финансии и маркетинг активности и ПР активности преку соодветните департмани на Универзитетот (точка 8.4 од Годишната програма 2025-2026).

Економскиот факултет може да ја развие својата работа на повисоко ниво, согласно со споделената визија, само доколку успее да се етаблира како факултет кој произведува компетентни кадри подготвени за активно учество во областа на

финансиите и маркетингот, веднаш по дипломирањето. За таа цел дипломираните генерации ќе бидат следени преку Центарот за кариера на Универзитетот Скопје.

## 2. Наставнички и соработнички кадар

Економскиот факултет има стручен и компетентен наставен и соработнички кадар за реализација на програмата.

| | Префикс, име и презиме | Наставно научно звање | Матична институција |
|---|---|---|---|
| 1. | Проф. д-р Зоран Ивановски | Редовен професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 2. | Проф. д-р Далиборка Блажеска | Редовен професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 3. | Проф. д-р Наташа Ристовска | Редовен професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 4. | Проф. д-р Аце Миленковски | Редовен професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 5. | Проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски | Редовен професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 6. | Проф. д-р Сашко Граматниковски | Вонреден професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 7. | Проф. д-р Дејан Наковски | Вонреден професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 8. | Проф. д-р Слободан Ивановиќ | Редовен професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 9. | Проф. д-р Валентина Анѓелкоска | Вонреден професор | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |
| 10. | Доц. д-р Борче Сибиновски | Доцент | УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ |

# 3. Наставен план и календар на активности

Со наставниот план се утврдува организирањето на академската година на сите факултети на Универзитетот Скопје во академската 2025/2026 година.

**ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2025/2026 год.**
**УТМС**

| **ЕСЕНСКИ СЕМЕСТАР** |
| --- |
| **15.09.2025 ПРВ СВЕЧЕН АКАДЕМСКИ ЧАС** |
| |
| I СЕДМИЦА: 15 - 19.09. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| II СЕДМИЦА: 22-26. 09. 2025 год (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК) |
| **II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| III СЕДМИЦА:29.9-03.10. 2025 год ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК) |
| **III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и консултации со Вонредни студенти (I, II и III тема)** |
| |
| IV СЕДМИЦА: 06-10.10 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ПРВ КОЛОКВИУМ- Редовни студенти и полагање I КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти** |
| |
| V СЕДМИЦА: 13-17.10. 2025 год.. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **I КОЛОКВИУМ - Редовни студенти** |
| |
| VI СЕДМИЦА: 20-24. 10. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).** |
| |
| VII СЕДМИЦА: 27-31.10 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| VIII СЕДМИЦА: 03-07. 11. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |

| |
|---|
| **консултации со Вонредни студенти (IV, V и VI тема)** |
| |
| IX СЕДМИЦА: 10-14.11 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ВТОР КОЛОКВИУМ- Редовни студенти и полагање II КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти** |
| |
| X СЕДМИЦА:17-21.11.2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ВТОР КОЛОКВИУМ – Редовни студенти** |
| |
| XI СЕДМИЦА: 24-28.11. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **VII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и консултации со Вонредни студенти (VII и VIII тема)** |
| |
| XII СЕДМИЦА: 01.-05.12. 2025 год. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и III КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти** |
| |
| XIII СЕДМИЦА:09-12.12.2025 (ВТОРНИК – ПЕТОК) |
| **ТРЕТ КОЛОКВИУМ – Редовни студенти** |
| |
| XIV СЕДМИЦА: 15.-19.12. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ за Редовни студенти и Завршен испит за Вонредни студенти** |
| |
| XIII СЕДМИЦА 22-26. 12.2025 (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК) |
| **ЗАВРШЕН ИСПИТ – Редовни студенти** |
| |
| XIII СЕДМИЦА 29-30.12.2025 |
| **Поправен завршен испит** |

# ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2025/2026 год.

| ПРОЛЕТЕН СЕМЕСТАР |
|---|
| |
| I СЕДМИЦА: 09.02-13.02. 2026. год. – (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК) |

| |
|---|
| **I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| II СЕДМИЦА: 16.02-20.02. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК) |
| **II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| III СЕДМИЦА: 23.02-27.02.. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА** (предавања, презентации, дискусии) **и консултации со Вонредни студенти (I, II и III тема)** |
| |
| IV СЕДМИЦА: 02.03.-06.03. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ПРВ КОЛОКВИУМ за Редовни студенти и полагање Прв КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти** |
| |
| V СЕДМИЦА: 09.03.-13.03. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК) |
| **I КОЛОКВИУМ Редовни студенти** |
| |
| VI СЕДМИЦА: 16.03- 20.03. 2026 год.(ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК) |
| **IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).** |
| |
| VII СЕДМИЦА: 23.03 – 27.03.2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| VIII СЕДМИЦА: 30.03-03.04. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) консултации со Вонредни студенти (IV, V и VI тема)** |
| |
| IX СЕДМИЦА: 06.04-09.04. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ЧЕТВРТОК) |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ВТОР КОЛОКВИУМ за Редовни студенти и полагање Втор КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти** |
| |
| X СЕДМИЦА: 14.04 -17.04. 2026 год. (ВТОРНИК-ПЕТОК) |
| **ВТОР КОЛОКВИУМ-редовни студенти** |
| |
| **20.04 – 03.05. 2026 Пролетен распуст** |
| |
| XI СЕДМИЦА: 04.05.-08.05. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК) |
| **VII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) консултации со Вонредни студенти (VII и VIII тема)** |
| |
| XII СЕДМИЦА:11.05 - 15.05.-. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК) |
| **VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) Трет КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти** |
| |

| |
|---|
| XIII СЕДМИЦА: 18.05-22.05. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК) |
| **ТРЕТ КОЛОКВИУМ редовни студенти** |
| |
| XIV СЕДМИЦА: 25.05- 29.05. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК) |
| **ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ и Завршен испит за Вонредни студенти** |
| |
| XV СЕДМИЦА: 01.06.-05.06. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК) |
| **ЗАВРШЕН ИСПИТ редовни студенти** |
| |
| XVI СЕДМИЦА: 08.06.-12.06. 2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ПОПРАВЕН ЗАВРШЕН ИСПИТ** |
| |
| |
| **15.06.2026 – 01.09.2026** |
| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДЕНТСКА ПРАКСА** |
| |
| **16.06.2026 – 30.09.2026** |
| **ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ (ЗА РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ ПОСЛЕ ОБАВЕНА ПРАКСА И ДОСТАВЕН ДНЕВНИК ЗА ПРАКСА)** |
| |

## План за работа за постдипомски студии

# ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2025/2026 год.

| **Деветти семестар** |
|---|
| |
| **07.11.2025 во 12:00 - ПРВ СВЕЧЕН ЧАС** |
| |
| 10.-14.11. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **I, II и III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |

| |
|---|
| |
| 01.-05.12. 2025 (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК) |
| **ПРВ КОЛОКВИУМ** |
| |
| 09.-12.12. 2025. год. – (ВТОРНИК- ПЕТОК) |
| **IV, V и VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| 22.-26.12-2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ВТОР КОЛОКВИУМ** |
| |
| **ПОДГОТОВКА НА СЕМИНАРСКИ РАБОТИ И ПРЕЗЕНТАЦИИ** (29.12.2025-09.02.2026.) |
| |
| 09.-13.02.2026год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **VII и VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)** |
| |
| 23.-27.02.2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК) |
| **ТРЕТ КОЛОКВИУМ** |
| |
| 09.-13.03.2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ЗАВРШЕН ИСПИТ** |
| |
| IX СЕДМИЦА: 16.-20.03.2026 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК) |
| **ПОПРАВЕН ЗАВРШЕН ИСПИТ** |
| |

# 4. Студиска програма за работа на Економскиот факултет за 2025/2026

### Прв циклус на студии на Економскиот факултет

**Студиската програма на Економскиот факултет, насока Финансии банкарство и осигурување, прва година, предмети и литература на следниов линк**

https://ef.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**Студиската програма на Економскиот факултет, насока Финансии банкарство и осигурување, втора година, предмети и литература на следниов линк**

https://ef.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**Студиската програма на Економскиот факултет, насока Финансии банкарство и осигурување трета година, предмети и литература на следниов линк**

https://ef.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**Студиската програма на Економскиот факултет, насока Финансии банкарство и осигурување четврта година, предмети и литература на следниов линк**

https://ef.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**Студиска програма на Економскиот факултет, насока Меѓународен маркетинг менаџмент, прва година, предмети и литература на следниов линк**

https://fmmm.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**Студиска програма на Економскиот факултет, насока Меѓународен маркетинг менаџмент, втора година, предмети и литература на следниов линк**

https://fmmm.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**Студиска програма на Економскиот факултет, насока Меѓународен маркетинг менаџмент, трета година, предмети и литература на следниов линк**

https://fmmm.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**Студиска програма на Економскиот факултет, насока Меѓународен маркетинг менаџмент, четврта година, предмети и литература на следниов линк**

https://fmmm.utms.edu.mk/studii/programa-na-dodiplomski-studii

**ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ**

**ЕФ – НАСОКА Финансии осми семестар и деветти сememстар**

https://ef.utms.edu.mk/studii/programa-na-postdiplomski-studii

**ЕФ – НАСОКА Меѓународен маркетинг менаџмент, осми и деветти семестар**

https://fmmm.utms.edu.mk/studii/programa-na-postdiplomski-studii

## 5. Практична настава за студентите

Согласно наставниот курикулум на Економскиот факултет и потребата за искуствено предавање и практична работа, наставата за предметите од областа на финансии, банкарство, осигурување и маркетинг ќе биде поврзана со тоа што за секоја од студиските години ќе се избере соодветна компанија, во која функционира сектор за финансии и сектор за маркетинг каде што студентите ќе ја извршуваат практичната работа.

Согласно Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава, одвивањето на пракса ќе се реализира преку Центарот за кариера на Универзитетот Скопје, со употреба на дневник и комплетно досие за секој студент.

Со програмата за реализација се предвидува опфаќање на сите редовни студенти (прва и втора и трета година), и тоа во повеќето специфични сектори и служби на компаниите и институциите, кои ќе бидат избрани, односно кои ќе прифатат практиканти од Факултетот. Процедурите за обавување на стручна пракса се:

**1. Согласно обезбедените пракси во компаниите, потпишани се соодветни договори** за соработка по основ на студентска пракса.
**2. Целосен распоред се сите студенти по компании и одговорни ментори.**
**3. Обавување на пракса** во претпладневните часови, полно работно време, во соодветните компании.
**4. Времетраење на пракса:** најмалку 30 работни дена од започнување на праксата, согласно распоредот, или соодветно донесена одлука, за време на семестарот и 2-3 месеци во летниот период (летна пракса).
**5. Лична најава и комуникација** со сите ментори од стопанските субјекти во кои се упатени студентите, согласно договор и упатница, за отпочнување на праксата. Посета на студентите во соодветните компании каде обавуваат стручна пракса од страна на назначениот ментор од Факултетот.
**6. Составени** и испечатени, потпишани и доделени **упатници и соодветни договори за обавување на стручна пракса**.
**7. Дневници за студентска пракса**-студентот е должен да пополнува дневник за секојдневните обврски и ангажмани за време на праксата. Истиот заверен од

Факултетот, организацијата во која се изведува праксата и потпишан од менторот за пракса се предава во Центарот за кариера.

Списокот за пракса се правен по сондажата на аспирациите и желбите на студентите во корелација со нивните фактички можности преку Центарот за кариера на Универзитетот Скопје. За ментори од Факултетот на студентите кои посетуваат пракса се назначуваат асистенти, за Економскиот факултет ќе биде назначена Емине Имероска, Марина Стојмирова, Филип Наќев, м-р Роберто Миленков и доц. д-р Ангела Миленковска Климоска. Тие за време на практичната настава контактираат со студентите и менаторите кои се определени од секоја компанија.

## 6. Наставно - научни практикуми

Во студиската програма на Економскиот факултет планирани се повеќедневни наставно-научни практикуми. Во рамките на наставно-научните практикуми се посетуваат значајни дестинации за дополнителен практичен развој на компетенциите на студентите, преку одржување на соодветни предавања за потребите на студентите на факултетот на лице место од стручни соработници. Наставно-научните практикуми придонесуваат за ширење на професионалните видици на студентите. Учеството во овие наставно научни практикуми им овозможува на студентите да се запознаат со активностите од областа на финансиите, банкарството, осигурувањето и маркетингот кои ги преземаат компаниите на меѓународниот пазар и истовремено да се стекнат со нови знаења и вештини од областа. Практикумите се во целост со наставната програма на Факултетот и во функција на градење на компетенциите на студентите. Студентите од Економскиот факултет редовно ги посетуваат меѓународните саеми за туризам во земјава и странство, а тоа овозможува да се запознаат со целокупните промотивни активности кои ги преземаат компаниите, начинот на брендирање, претставувањата на нациите и културите, како и запознавање со најновите трендови во областа на економијата, финансиите, маркетингот и промоцијата.

Во текот на академската 2025/2026 година планирана е посета на меѓународни саеми и тоа еден во есенскиот семестар и еден во пролетниот семестар и тоа:

- ✓ Во есенскиот семестар посета на Меѓународен саем за туризам во Солун, посетата ќе биде еднодневна во организација на Факулететот на туризам.
- ✓ Во есенскиот семестар посета на Меѓународниот саем за туризам во Мадрид и посета на седиштето на UNWTO, посетата е планирана во траење од 5 дена во организација на Факултетот за туризам.
- ✓ Во пролетниот семестар посета на Меѓународен саем за туризам во Белград, посетата е планирана да биде дводневна, во организација на Факулететот на туризам.

## 7. Обуки

За изведување на трибини и обуки Факултетот се води од програмските определби на Универзитетот.

# 8. Апликативна дејност и соработка со стопанството и јавните институции

## 8.1. Гости – предавачи во наставата на ЕФ

Политиката за успешност на Универзитетот го обврзува Економскиот факултет да ја организира наставата на таков начин што истата ќе се доближи што е можно повеќе кон практиката. За таа цел дел од часовите на Факултетот планирано е да се одржат во успешни претпријатија или во претпријатија кои имаат можност да ја промовираат апликативната вредност на теоретските знаења што студентите ги добиваат на часовите во секојдневниот живот на бизнис секторот. Исто така, од бизнис секторот ќе бидат поканети професионалци, тесно специјализирани во областите кои се предмет на дискусија во наставата, за да одржат предавања по соодветни теми согласно искуството на професионалците од практиката. Детален план за работа по овој основ се наоѓа во продолжение.

**Детален план на гости - предавачи, професионалци во области на Економскиот факултет за 2024-2025 година**

| | Предавач | Компанија | Тема | Датум на предавање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Васко Богдановски | Главен извршен директор на Опфолио инвестиции | Од пасивен штедач до инфориран инвеститор | 17.11.2025 |
| 2 | Ема Темелковска Анчевска | Менаџер на маркетинг агенција Идеа Лаб | Позиционирање на маркетинг агенција во дигиталната економија: Бренд стратегијата на Идеа Лаб | 16.04.2026 |
| 3 | Снежана Станковиќ | Претседател на Управен одбор на Сава пензиско друштво АД Скопје | Управување и инвестициски стратегии на пензиските фондови во современите финансиски системи | 17.04.2026 |
| 4 | Катерина Анастасовска | Фонд на ПИОСМ во одделението за внатрешна ревизија | „Јавна внатрешна финансиска контрола како систем на добро управување во јавниот сектор“ | 14.05.2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Атила Селим | Директор на дирекција за Алтернативни канали на дистрибуција во Халк банка | Алтернативни канали на дистрибуција во банкарството: дигитални решенија за подобро корисничко искуство | 21.05.2026 |

## 8.2. Посета на бизнис секторот

| Посета на компании | | |
|---|---|---|
| | **Организација** | **Време** |
| 1. | “Адора” | Септември |
| 2. | “Хотел Мериот Скопје” | Октомври |
| 3. | “Халкбанка” | Март |
| 4. | “Кожувчанка” Кавадарци | Април |
| 5. | “Прокредит банка” | Мај |
| 6. | “Ананас” | Мај |

## 8.3. Одбори за соработка и доверба со јавноста

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Економскиот факултет е формиран со цел да даде професионална и апликативна поддршка во работата на Економскиот факултет.

Ова советодавно тело е составено од професионалци од бизнис заедницата и претставници на власта кои поседуваат искуство и знаење од областа на економијата, финансиите, банкарството, осигурувањето и маркетингот. Нивната експертиза заедно со залагањата на наставниот кадар придонесуваат да се зголемат компетенциите на студентите и можноста тие ефективно и ефикасно да ги применуваат во економијата, финанасиите, осигурувањето, банкарството и маркетингот, кои ќе им овозможат да се диференцираат од останатите и да остварат конкурентска предност. Членовите на одборот постојано даваат идеи и предлози во насока на подобрување на работата на Факултетот и неговите промотивни активности. На состаноците со одборот за соработка и доверба со јавноста учествува и наставниот кадар на Економскиот факултет каде се водат дискусии за современите трендови во областа на маркетингот и нивна имплементација во промотивните активности на факултетот. Во оваа академска 2025-2026 година, планиран е состанок со советодавниот одбор во пролетниот период на 26.03.2026.

Планирано е и оваа година членовите на одборот на состаноците да ги разгледуваат актуелните предизвици од областа на економијата, финансиите, осигурувањето и макетингот како и да развиваат разновидни истражувачки иницијативи. Тековно потребно е да се разгледаат предлозите за проширување на

составот на одборот кои ќе доведат до јакнење на веќе создаденото јадро на професионалци кои ќе продолжат да ги зголемуваат вредностите на студентите во деловната средина.

| Име и презиме | Организација |
|---|---|
| Снежана Станковиќ | Претседател на Управен одбор на Сава пензиско друштво АД Скопје |
| д-р Драгана Чифлиганец | Генерален менаџер на Адора градежна компанија |
| Зоран Азманов | Генерален менаџер на Настел градежна компанија |
| Ирена Лазаров | Односи со јавност во Централен Регистер |
| д-р Марина Алавантија | директор за маркетинг во Шпаркасе банка |
| Денис Ампов | Директор на Ананас за РМ |
| м-р Атила Селим | Директор на дирекција за Алтернативни канали на дистрибуција во Халк банка |
| м-р Марина Бадаровска | Генерален менаџер на Фламинго хотел |
| Златко Муцунски | Генерален менаџер на Порше Македонија |
| Александра Ѓорѓиевска | Советник во оделението за платен промет на НБРМ |
| Ема Темелковска Анчевска | Менаџер на маркетинг агенција Идеа Лаб |
| Катерина Анастасовска | Фонд на ПИОСМ во одделението за внатрешна ревизија |
| Маја Кадиевска Војновиќ | Директор на Триглав Осигурување |
| Владимир Деспотовски | Директор за продажба ВФП АД Скопје |
| Павлина Голејшки | Раководител на одделение за административно технички прашања во Централен регистар |
| Александар Николовски | Директор на Капитал банка |
| Зоран Саздовски, заменик претседател | Superbrands Adriatic, регионален маркетинг менаџер |
| Александар Кукулев, член | Маркетинг и ПР компанија “Дилан медиа маркетинг”, управител |
| Тодор Стојчевски, член | Чептер 4, директор |

# 9. Меѓународна соработка

Меѓународните стандарди недвосмислено укажуваат на потребата за оспособување на идните дипломци и магистри за професионално делување во меѓународни рамки. Тргнувајќи од тоа, а во согласност со програмата за Меѓународна соработка на Универзитетот Скопје, Економскиот факултет ќе се фокусира на следните активности од меѓународен карактер:

1. Во текот на академската 2025-2026 година, Економскиот факултет ќе склучи договор за соработка со два од наведените факултети кои имаат програми за економија и маркетинг:
   - Економски Факултет, Варшава, Полска, програма за бизнис http://oferta.sgh.waw.pl/en/bachelor/glo/Strony/default.aspx
   - Универзитет Дубровник, Хрватска, студиска програма за медиуми и односи со јавност http://www.unidu.hr/datoteke/636izb/mediji.pdf
   - Александра Дупчек, Универзитет во Тренчин, Словачка https://tnuni.academia.edu/
   - Универзитет во Софија, Бугарија, Факултет за комуникации, https://www.uni-sofia.bg/index.php/eng/the_university/faculties/faculty_of_journalism_and_mass_communication
   - Универзитет во Виена, Австрија, програма за масовни комуникации и медиуми http://slw.univie.ac.at/en/studying/degree-programmes-with-entrance-examinations/mass-media-and-communication-science/

2. Учество на ЕФ насока МММ во регионални и глобални асоцијации и организации, како и организации за маркетинг и комуникации:
   - Европска маркетинг конфедерација / Europeen marketing confederation
   http://emc.be/
   Претседател: Ендру Харвеј
   Седиште: Брисел, Белгија
   Контакт: info@emc.be;
   - Европска маркетинг академија / European marketing academy
   http://www.emac-online.org/r/default.asp?iId=FLFDIE
   Претседател: Герит Ван Бруген
   Седиште, Брисел, Белгија
   Контакт: anne-laure.marteaux@eiasm.be
3. Учество во програмата Еразмус (студенти и наставен кадар);
4. Јакнење на соработката со Maastricht School of Management (MCM) и обезбедување студиски престој за студентите од Економскиот факултет на реномирани високо-обарзовни институции во Европа и светот;
5. Упис на странски студенти на Економскиот факултет;
6. Самоевалуација за стекнување на ИАЦБЕ акредитација.

# 10. Издавачка дејност

Основната литература од која работат студентите на Економскиот факултет е поставена на електронски портал и е достапна за секој студент. Во електронската библиотека има голем број на наслови кои се капитални дела од маркетинг експерти на светско ниво, на англиски јазик и преведени капитални дела од областа на маркетинг, превод од Влада. Секој предмет од наставната програма е покриен со соодветна литература која ја има во електронската библиотека. Доколку се јави потреба од нови изданија од областа на маркетинг и односи со јавноста истите тековно ќе се набават, каква што е и досегашната практика на Факултетот. Во моментов може да се каже дека станува има богата база на учебници од областа на маркетинг. Во оваа академска година ќе се премине и кон ревизија и постепено ажурирање на дел од учебниците во сопствено издание, со цел нивно подобрување, надградување и хранење со нови информации соодветни на актуелните состојби од областа во земјата и светот.

# 11. Научно-истражувачка дејност

Кога станува збор за научно - истражувачката дејност на Економскиот факултет, кадарот и студентите на додипломски и постдипломски студии се вклучени во научни проекти. Наставниот кадар учествува и на голем број меѓународни и научни конференции. Политиката на Факултетот е постојано мотивирање на наставниот кадар да земе активно учество на голем број меѓународни конференции, а истовремено ги поттикнува и поддржува во создавањето и објавувањето на научни трудови во признати и реномирани меѓународни научни списанија.

Наставниот кадар на Економскиот факултет ќе пријави трудови во следните **меѓународни списанија**:

1. UTMS Journal of Economics, Macedonia: http://utmsjoe.mk/
2. Journal of Contemporary Management Issues: https://moj.efst.hr/management/
3. Journal of Human Resource Management: http://www.jhrm.eu/
4. Macrothink institute online journal http://macrothink.org/journal/
5. Ekonomska Istrazivanja-Economic Research, Croatia (http://www.tandfonline.com/action/journalInformation?journalCode=rero20
6. Journal of Economics, Austria (http://www.springer.com/economics/journal/712)

# 12. Други активности

## 12.1. Состаноци со родители и студенти

Во академската 2025/2026 година планирани се состаноци со студентите и состаноци со родителите, во есенскиот и во пролетниот период.

На состаноците акцент ќе биде ставен на објаснување на методологијата на работа и планираните активности и работни обврски за есенскиот и пролетниот семемстар. Редовни состаноци со студентите ќе се одржуваат со менторите на

студентите по години после завршување на секој колоквиум со цел да се согледаат резултатите од колоквиумите и исполнетите работни обврски, редовност, активност и изработени и презентирани семинарски за да може навремено да се превземат одредени корективни активности. Ментор на студентите од Економскиот факултет ќе бидат Емине Имероска, Марина Стојмирова, Филип Наќев, м-р Роберто Миленков и доц. д-р Ангела Миленковска Климоска. Овие состаноци ќе се одржат и со целокупниот кадар на Факултетот под раководство на Деканот на Факултетот.

## 12.2. Промотивни активности

Економскиот факултет ги планира промотивните активности на Униветитетот Скопје, за таа цел до 30.10.2025 ќе биде изработени целосна програма за превземање на промотивни активности кои континуирано ќе се изведуваат цо текот на целата академска година преку најразлични активности. Дел од овие активности ќе бидат:

- Промоција на Унивезитетот пред матурантите во средните училишта во Скопје и во Република Македонија
- Организирање на посети на матурантите на Универзитетот и запознавање со предностите на секој од факултетите
- Организирање на бесплатни обуки за матурантите поединечно од секој факултет и доделување на сертификати (континуирано организирање на обуки во текот на цела академска година)
- Учество на кадарот на различни медиуми и промовирање
- Промотивни активности преку агресивна промоција на социјалните мрежи
- Објавување на ПР текстови преку различни електронски и печатени медиуми
- Учество на голем број на настани и случувања, и превземање на промотивни активности на истите.

Проф. д-р Далиборка Блажеска
Декан на
Економскиот факултет

--------------------------------------------------------